# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**28.07.2020 год.** **Бр.X**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на актите донесени на 54-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 27.07.2020 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 54-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 27.07.2020 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-831/1 од 28.07.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 54-та седница, одржана на 27.07.2020 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 53-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 03.06.2020 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002).

**Бр.08-797/3 од 27.07.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 21 став 1 точка 8 и 50 и член 94 од Статутот на Општина Крушево ("("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020) и член 46 став 5 од Законот за основното образование („Сл.весник на Р.М." бр.103/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 42/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17 и 64/18), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 27.07.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на реони на Основните училишта на Општина Крушево**

**Член1**

Со оваа Одлука се утврдуваат реоните на Основните училишта во кои се опфаќаат учениците од цела територија на Општина Крушево.

**Член 2**

Со усвојување на оваа Одлука се обезбедува реален прилив на учениците во Основните училишта и рационално искористување на училишните капацитети во Општина Крушево.

**Член 3**

Реонот на Општинското основно училиште „Никола Карев" Крушево ја опфаќа територијата на градот Крушево и територијата на населените места: с.Острилци; с.Горно Дивјаци; с.Долно Дивјаци; с.Пуста Река; с.Арилево; с.Врбоец; с.Алданци; с.Норово; с.Саждево; с.Јакреново; с.Борино; с.Белушино и с.Селце.

**Член 4**

Реонот на Општинското основно училиште „Св.Кирил и Методиј" с.Бучин-Крушево ја опфаќа територијата на населените места: с.Бучин; с.Милошево; с.Свето Митрани и с. Пресил.

**Член 5**

Општинското основно училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон.

**Член 6**

Општинското основно училиште може да запише ученици од друг реон или друга Општина, доколку има слободни места за запишување.

За запишаните ученици од став 1 на овој член трошоците за превоз паѓаат на товар на родителот/старателот.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-797/6 од 27.07.2020 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево**

**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Р.М.“ бр.5/2002), член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014и 7/2019), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 27.07.2020 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за имплементација на проект**
**за изработка на техничка документација за намалување на загубите на вода за пиење во водоводната мрежаво Крушево**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Крушево дава согласност предлог проектот ***за изработка на техничка документација за намалување на загубите на вода за пиење во водоводната мрежа во Крушево*** да биде апилициран кон *„Фондот за техничка документација“*во рамките на Проектот *„Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти,* финансиран од УНДП и Шведската агенција за меѓународен развој (СИДА), втор повик, со масимален износ на грант од 30 000 американски долари.

**Член 2**

Предлог проектот ***за изработка на техничка документација за намалување на загубите на вода за пиење вoводоводна тамрежа во Крушево*** се однесува на изработка на урбанистички проект и основен проект со ревизии и сите потребни документи согласно важечките закони.

**Член 3**

Доколку конечниот износ за изработка на техничка документација за намалување на загубите на вода за пиење во водоводната мрежа во Крушево го надминува максималниот износ на грантот, Општина Крушево се обврзува да обезбеди кофинансирање од сопствени извори на финансирање во максимален износ од 3 000 американски долари.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево“.

**Бр.08-797/7 од 27.07.2020 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево**

**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 45 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственот и со стварите во општинска сопстевност („Сл.весник на Р.М.” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија” бр.101/19 и 275/19) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 27.07.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за пренесување на правото на сопственост на***
***движни ствари на ЈП „Комуна” Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се пренесува правото на сопственост на движни ствари од Општина Крушево на ЈП „Комуна” Крушево без надомест и тоа:

1. 49 контејнер за комунален отпад-метални поцинкувани со капак, 1,1м3 во вредност од 763.224,00 денари кои што Општина Крушево ги има добино согласно договорот за гранд бр.МСИП 70, т.е. бр.09-513/8 од 29.05.2020 година што Општина Крушево го има склучено со Министерство за финансии на Република Северна Македонија.

Општина Крушево контејнерите од став 1 на овај член ги има набавено врз основа на Договор склучен помеѓу Општина Крушево и Технички Институт Македонија ДОО Неготино бр.09-513/20 од 23.06.2020 година, т.е. бр.0307-720/2020 од 23.06.2020 година.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Крушево склучува договор со директорот на ЈП „Комуна” Крушево, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-797/8 од 27.07.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 45 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственот и со стварите во општинска сопстевност („Сл.весник на Р.М.” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија” бр.101/19 и 275/19) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 27.07.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за пренесување на правото на сопственост на движни ствари на ЈП „Комуна” Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се пренесува правото на сопственост на движни ствари од Општина Крушево на ЈП „Комуна” Крушево без надомест и тоа:

1. 21 контејнер за комунален отпад-метални поцинкувани со капак, 1,1м3 во вредност од 337.008,00 денари кои што Општина Крушево ги има добино согласно договорот за соработка бр.03-1345/1 од 06.12.2019 година што Општина Крушево го има склучено со ЛАГ АГРО ЛИДЕР Кривогаштани.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Крушево склучува договор со директорот на ЈП „Комуна” Крушево, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-797/9 од 27.07.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М. “ бр.5/2002), член 5 става 3 од Законот за управување со кризи (“Сл.весник на Р.М.” бр.29/05; 36/11; 41/14; 104/15; 39/16 и 83/18) и член 14 став 1 од Уредбата за методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и опредлеувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената бр.51-8133/1-10 од 25.01.2011 година, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 27.07.2020 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за ажурирање на процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Крушево од сите ризици и опасности**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одлучи да се изврши ажурирање на процената на загрозеноста на подрачјето на Општина Крушево од сите ризици и опасности.

**Член 2**

Ажурирањето на процената од член 1 на оваа Одлука ја изработува Регионалниот Центар за Управување со кризи Подрачно оддление Крушево.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-797/10 од 27.07.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 25 од Законот за полиција (“Сл.весник на Р.М.” бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18), член 36 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 41, од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14; 7/19 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 27.07.2020 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

***за извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност Крушево за првото полугодие од 2020 година***

1. **СЕ ПРИФАЌА** Извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност-Крушево за првото полугодие од 2020 година, СД. БР.22.22.9.1-100/1 од 06.07.2020 година.

2. Зклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-797/11 од 27.07.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 32 став 2 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа (“Сл.весник на РМ.” бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/20), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 27.07.2020 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

***за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2020 год. до 30.06.2020 год.***

1. **СЕ УСВОЈУВА** кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2020 год. до 30.06.2020 год.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-797/12 од 27.07.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007;16/14; 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 27.07.2020 година, го донесе следниот :

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2019 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2019 година, бр.03-795/1 од 20.07.2020 година;

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево

**Бр.08-797/13 од 27.07.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 50 и член 131-а став 4 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 27.07.2020 година, донесе:

**П А Р А В И Л Н И К**

**за организирање и одржување на Форумите на заедиците во Општина Крушево**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува свикувањето, начинот на работа, одлучувањето и други прашања од значење за одржување на форумите на на заедниците, како форма на јавно учество на сите граѓани во локалната заедница по прашања од надлежност на Општина Крушево.

**Член 2**

Форумите се организираат заради јавно расправање или постигнување согласност на локалната јавност за предложените приоритети во документите за стратешки локален развој, за јавни дебати за проблемите и утврдување решенија и приоритети, како и за предлагање и избор на проекти или заради развивање проекти од интерес на заедницата, што финансиски ќе бидат поддржани од општината или заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да поддржи форумската програма на општински проекти.

**Член 3**

Форумот на заедници е воден од страна на независен и надворешен модератор. Во работата на модераторот му помага комодератор.

Форумот се одржува во најмалку 5 (пет) сесии од кои на последната сесија се одлучува за формуските прашања и теми.

Учесниците на форумот се структуирани по работни маси според нивните социјални и економски интереси.

Заради поефикасно и подобро организирање на форумите се формираат работни групи и опретаивна група, кои се дефинираат со овој Правилник.

Поблиските одредби за начинот на орагнизирањето и спроведувањето на форумските сесии се уредуваат со Деловникот за работа на форумот на заедницата.

**Член 4**

Постапката за оргнизирање и реализација на форумите е поделна на три фази и тоа:

- Подготвителна фаза;
- Форумска фаза и
- Реализација на заклучоците донесени на форумите.

Поблиските одредби за фазите на форумите се регулираат Деловникот за работа на форумите на заедницита.

**Член 5**

Во согласност со темите кои се расправаат, Форумите можат да бидат од следните видови:

- Проектен форум
- Тематски форум
- Меѓуопштински форм и
- Буџетски форум

**Член 6**

**<u>ПРОЕКТЕН ФОРУМ</u>**

Проектен форум се организира кога сака да се дефинираат приоритетите помеѓу неколку темии проекти кои се неопходни да се решат во Општина Крушево и заедницата. На првата форумска сесија граѓаните одлучуваат која од темите и проектите им е најважна. избраната тема и проект детално се разработува на следните сесии на форумот.

**Член 7**

**<u>ТЕМАТСКИ ФОРУМ</u>**

Тематските форуми се насочени кон веќе одредена тема во која е содржан специфичен и актуелен проблем во Општина Крушево.

Во овој тип на форум се формираат работни маси само за групите кои се засегнати од тематскиот проблем.

**Член 8**

**<u>МЕЃУОПШТИНСКИ ФОРУМ</u>**

Меѓуопштинскиот форум се организира кога две или повеќе општини кои имаат исти или слична тема на расправа, а со методата на меѓуопштинска соработка возможно е побргу, поекономично и поефикасно да се реализираат заклучоците од форумот.

**Член 9**

**<u>БУЏЕТСКИ ФОРУМ</u>**

Во буџетскиот форум тема на расправа е Буџетот на Општина Крушево за наредната година. Работните маси се структуирани според страните кои се засегнати од Буџетот на Општина Крушево или според надлежностите на Општина Крушево и финансирањето.

**Член 10**

**<u>УЧЕСНИЦИ НА ФОРУМОТ</u>**

На форумот треба да присуствуваат што е можно поголем број учесници, при што во општините до 10.000 жители не помалку од 40 лица, за општини од 10.000 жители до 30.000 жители не помалку од 60 лица, за општини повеќе од 30.000 жители не помалку од 80 лица.

Во работата на форумите треба да се почитуваат неколку принципи при изборот на учесници и тоа:

- територијалниот принцип;
- родова застапеност;
- етничка застапеност и
- социо-економска застепаност.

**Член 11**

**ФИНАНСИРАЊЕ НА ФОРУМОТ**

Форумскиот процес по правило се финансира од страна на Општината. Општината треба во својот Буџет да предвиди доволно средства за ваквите активности кои спаѓаат во категоријата на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето во општината.

Форумскиот процес може да се финансира и од заинтересирани физички и правни лица кои се подготвени да бидат донатори на Општината.

## II. НАЧИН НА СВИКУВАЊЕ НА ФОРУМОТ

**Член 12**

Првата сесија на Форумот ја свикува Градоначалникот на Општина Крушево со јавен повик до сите граѓани на Општина Крушево, невладини организации, заинтересирани партнери за реализација на проекти и сите други заинтересирани субјекти (правни и физички лица), да присуствуваат и рамноправно да учествуваат во неговата работа.

Јавниот повик содржи точен термин и место на одржување на форумот, основни насоки и теми за текот на првата сесија на форумот, како и за видот на форумот.

**Член 13**

Претставник на Општина Крушево, како организатор на форумот, на почетокот накусо ги информира учесниците на форумот за текот на форумот во целина, за содржината на одделните сесии на форумот, за структурирањето на форумот, за правата и обврските на учесниците на форумот, за начинот на предлагањето и изборот на темите на форумот, за начинот на гласање, за критериумите и начинот на избор на проектот и друго.

**Член 14**

По завршување на воведниот дел претставниците на администрацијата на Општина Крушево ги изнесуваат темите, проблемите и проектите за кои треба да се дебатира на форумот, за кои треба да се изјаснат учесниците, односно да извршат избор на теми за кои понатаму ќе се дискутира во рамките на форумот.

## III. МОДЕРАТОР И КОМОДЕРАТОР

**Член 15**

Со работата на форумот раковиди модератор, што го избира организаторот на форумот врз основа на јавен повик, како неутрално лице кое не припаѓа на локалната заедница (не е жител на Општина Крушево) ги насочува дискусиите кон темите, проблемите, решенијата, различните концепти и проекти, како и го следи процесот на гласање и избор на решенијата, односно проектите.

Форумот има комодератор кој го избира модераторот на форумот во консултации со организаторот на форумот.

Поблиските одредби за правата и обврските на модераторот и комодераторот се уредуваат со Деловникот за работа на форумот на заедницата.

## IV. РАБОТНИ МАСИ

**Член 16**

На форумот се формираат најмалку 10 (десет) работни маси за расправа и избор на темата.

Работните маси се составени од по 3 (три) до 8 (осум) учесници, согласно пројавениот интерсе и водејќи сметка за тоа работните маси да ги изразуваат специфичните социо-економски интереси и потреби на заедницата, како и водејќи сметка за интересот, стручноста и компетентноста на поединците и за сразмерната родова, етничка и територијална застапеност.

**Член 17**

На работни маси, со учество на модераторот, се распоредуваат граѓаните, претставниците на бизнис заедницата, невладините организации и други заинтересирани организации, за расправа по прашања од повеќе области определени со Законот за локалната самоуправа (локален економски развој, урбанизам, комунални работи, култура, здравство и социјална заштита, образование, спорт, противпожарна заштита и заштита и спасување итн.)

**Член 18**

Посебни работни маси се организираат за

- администрацијата на општината и
- работна маса на оперативната група.

Работните маси во изборот на темата по правило одлучуваат по пат на консензус.

Поблиските одредби за начинот на работа на работните маси и нивните права и обврски се уредуваат со деловникот за работа на форумот на заедницата.

## V. РАБОТНИ ГРУПИ

**Член 19**

Во временскиот период помеѓу две форумски сесии од учесниците на работните маси се формираат работни групи што имаат задача да ги формулираат предлог решенијата, односно проектите, што произлегле од расправата на работните маси, при што имаат право да даваат предлози и препораки до форумот, а кои се однесуваат на подобрување на квалитетот на живот во локалната заедница во целина.

Предлозите и препораките од работните групи, форумот ги одобрува и ги предлага на Општина Крушево.

Општина Крушево е должна во работата и одлучувањето на форумот во целина и во работата на работните групи да обезбеди соодветна родова, етничка и територијална и социо-економска застапеност на заедниците.

Поблиските одредби за начинот на работа, правата и обврските на работните групи се уредува со Деловникот за работа на форумот на заедницата.

## VI. ОПЕРАТИВНА ГРУПА

**Член 20**

За целосна стручно-техничка поддршка на форумот се формира оперативна група.

Оперативната група која работи под раководство на модераторот и комодераторот е оперативно, а не раководно тело на форумот и е соатвена од:

- модераторот и комодераторот;
- два претставника од Општина Крушево;
- едно лице за односни со јавноста;
- претставници на клучните засегнати страни и
- едно лице задолжено за водење запсиници од сите состаноци.

## VII. ОДЛУЧУВАЊЕ

**Член 21**

Резултатите од форумите се одлуки и препораки кои се одесуваат на прашањата кои се предмет на дискусија во рамките на форумите.

Одлуките и препокатите треба да придонесуваат кон решавање на предметот на дискусија во рамките на форумот.

Усвоените одлуки и препораки од страна на форумот на заедницита се поднесуваат до локалните власти.

**Член 22**

Одлучувањето на форумот се врши по пат на гласање по работни маси, при што треба да се постигне консензус на сите членови на работната маса.

Право на глас во рамките на работните маси имаат членовите кои присуствувале на најмалку 3 форумски сесии.

Работните маси имаат еднакво право на глас во вкупното одлучување на форумот, кое се врши на петтата сесија на форумот.

Во зависност од видот на форумот, одлуките донесени на форумот можат да бидат советодавни или задолжителни за органите на општината.

Поблиските одредби за начинот на одлучување и задолжнителноста на одлуките донесени на форумот се уредуваат со деловникот за работа на форумот на заедницата.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

Заради информирање на граѓните, Општина Крушево е должна на соодветен начин да ги информира за целокупниот тек на форумот и за активностите кои се преземаат за реализација на усвоените проекти.

**Член 24**

Во рок од 3 (три) месеци од денот на службената примена на овој Правилник, Градоначалникот на Општина Крушево носи Деловник за работа на форумот на заедницата во која подетално се опишува целокупниот процес на форумот.

**Член 25**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавување во Службен Гланик на Општина Крушево.

**Бр.08-797/14 од 27.07.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-801/1 од 20.07.2020 година од Олга Стојческа Ѓоргиеска од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 27.07.2020 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 12.000,00 (дванесет илјади)** денари по барање бр.08-801/1 од 20.07.2020 година од Олга Стојческа Ѓоргиеска од Крушево ул."Благо Целев" бр.35 со ЕМБГ 2010982415015;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.240207019153692, депонент УНИ Банка АД Скопје-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-797/15 од 27.07.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-544/1 од 15.05.2020 година од Јошеска Виолета од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 27.07.2020 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 6.000,00 (шест илјади)** денари по барање бр.08-544/1 од 15.05.2020 година од Виолета Јошеска од Крушево ул."Томе Никле" бр.42 со ЕМБГ 0604953448028.

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200001339376671, депонент Стопанска Банка АД Скопје-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-797/16 од 27.07.2020 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа на Република Македонија ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 34 и 38 од Законот за културата ("Сл.весник на Р.М." бр.31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 62 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево**

1. ПАНДОРА СТЕВАНОСКА, дипломиран економист од Крушево ул."Манчу Матак" бр.22, СЕ ИМЕНУВА за ВД Директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево од редот на вработените.
2. ВД директорот ќе ја извршува функцијата до избор на директор по објавен Јавен оглас, но не подолго од 6 (шест) месеци.
3. ВД Директорот ги има сите права и обврски на директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево.
4. Општина Крушево, веднаш по именувањето ВД Директор ќе распише Јавен оглас за директор.
5. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.
6. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

На ВД Директорот на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево, Пандора Стеваноска му престана мандатот заради неговиот истек. Согласно член 34 од Законот за културата, Градоначалникот на Општина Крушево веднаш именува ВД директор, без Јавен оглас, од редот на вработените.

ВД директорот ги има сите права и обврски на директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево.

ВД директор се именува за време до изборот на директор, а најдолго за 6 (шест) месеци.

Врз основа на горе наведеното, Градоначалникот реши како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 8 (осум) од дена од приемот на истото.

**Бр.04-91/2 од 13.07.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.Весник на Р.М." бр.5/2002), член 126 и 127-а од Законот за заштита на децата ("Сл.Весник на Р.М." бр.23/2013,12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19 и 146/19 ) и член 62 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД Директор во**
**ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево**

1. **НИКОЛА ЧАВКАРОСКИ** од Крушево, ул.„Нико Доага„бр.53, дипломиран дефектолог се именува за **ВД Директор на ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево.**

2. Мандатот на ВД Директорот трае до избор на нов директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на неговото именување.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Примерок од Решението да се достави до именуваниот, ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево и Архивата на Општина Крушево.

***О б р а з л о ж е н и е***

На ВД Директорот на ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево, именуван со Решение бр.04-90/3 од 15.01.2020 година му истече мандатот.

Затоа согласно член 126 и 127-а од Законот за заштита на децата, Градоначалникот именува ВД Директор од редот на вработените кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување на нов директор, најмногу до 6 (шест) месеци од денот на неговото именување. ВД Директорот именуван согласно член 126 и 127-а од Законот за заштита на децата не е должен да поседува лиценца за директор и да поседува еден од меѓународно признати сертификати или уверение за активно познавање на странски јазик.

Врз основа на горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се реши како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 8 (осум ) дена од приемот на истото до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.04-90/5 од 13.07.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.Весник на Р.М." бр.5/2002), член 123 став 1 од Законот за заштита на децата ("Сл.Весник на Р.М." бр.23/2013; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18 и "Службен весник на Р.С.М." бр.104/19 и 146/19), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**О Д Л У К А**
**за објавување на Јавен оглас во**
**ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира начинот за објавување на Јавен оглас за избор на директор во ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево.

**Член 2**

Управниот одбор на Детската градинка потребно е да објави Јавен оглас за избор на директор на Детската градинка.

**Член 3**

Во Јавниот оглас да се утврдат условите кои треба да ги исполни кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на Јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

Јавниот оглас да се објави во јавните гласила, т.е во два дневни весници.

Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи согласно со огласот до Управниот одбор.

**Член 4**

Управниот одбор на Детската градинка „Гонча Туфа" по претходно спроведена постапка, во рок од 7 дена од извршениот разговор со кандидатите на Градоначалникот му предлага еден кандидат за избор на директор.

Градоначалникот на Општина Крушево во рок од 15 дена од денот на добивање на предлогот врши избор на директор.

**Член 5**

При спроведување на постапката Управниот одбор да ги почитува одредбите од Законот за заштита на децата и одредбите од Статутот на Детската градинка.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.04-90/6 од 13.07.2020 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. страна
1. Заклучок за објавување на актите донесени на 54-та седница на Советот на Општина Крушево ……………………………………… 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 53-та седница на Советот на Општина Крушево ………………………………………1
3. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Крушево за 2020 година ………………………………... 1
4. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Крушево за 2020 година ……………………………………………….. 1
5. Одлука за утврдување на реони на Основните училишта во Општина Крушево ………………………………………………..1
6. Одлука за давање согласност за имплементација на проект за изработка на техничка документација за намалување на загубите на вода за пиење во водоводната мрежа Крушево ……………………………2
7. Одлука за пренесување на правото на сопственост на движни ствари на ЈП "Комуна" Крушево ………………………..2
8. Одлука за пренесување на правото на сопственост на движни ствари на ЈП "Комуна" Крушево ………………………..3
9.Одлука за ажурирање на проценета на загрозеноста на подрачјето на Општина Крушво од сите ризици и опасности ……… 3
10. Заклучок за извештајот за работата на Полициската станица од општа надлежност Крушево за првото полугодие од 2020 година ………………………………………………… 4
11. Заклучок за усвојување на кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2020 година до 30.06.2020 година ……………… 4
12. Заклучок за усвојување на Извештајот за релизација на програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2019 година …………………….. 4
13. Правилник за организирање и одржување на Форумите на заедниците во Општина Крушево …………………………………… 4
14. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Стојческа Ѓоргиеска Олга од Крушево ………………………….. 8
15.Решение за исплата на финансиски средства по барање од Виолета Јошеска од Крушево ……………………………………… 8
16. Решение за именување на ВД Директор на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево ………………………………. 8
17. Решение за именување на ВД Директор во ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево …………… 9
18. Одлука за објавување на Јавен оглас во ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево …………… 9

Редакциски одбор на Општина Крушево.